**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 1[illegible], 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 16.06.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2496/1 | | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2025 до 31.12.2025 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 16 јуни 2026 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 91 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Телевизиските радиодифузери кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво, тогаш кога тоа е изводливо и со соодветни средства треба да обезбедат најмалку 51% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела при што не се смета времето одредено за вести, спортски настани, игри, рекламирање, телетекст и телешопинг услуги).

   - **Правилник за европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти – пречистен текст** (Бр. 01-918/1 од 06.03.2025).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на државно ниво, е констатирано дека во текот на 2025 година, ја исполни обврската од член 91 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, најмалку 51% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела.

Од доставените Обрасци за европски аудиовизуелни дела и европски дела од независни продуценти (наш арх. број 03-1483/1 од 31.03.2026 година и 03-1483/2 од 04.05.2026 година), беше констатирано дека Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, во текот на 2025 година има емитувано 57.35**%** европски аудиовизуелни дела.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***